# Merlot Single Vineyard 2016 Reserva




Суво црвено вино произведено 100% од внимателно избрани гроздови од сортата Merlot од сопствените насади на винаријата Камник. Ова вино се одликува со длабока рубин црвена боја со виолетова нијанса. Процесот на 20-месечно одлежување на виното во нови буриња од американски и француски даб резултира во комплексен мирис кој открива овошно-зачински тонови, со доминантна арома на ситнозрнесто црно и црвено овошје, надополнета со ноти на ванила и кафе. Виното има полн и елегантен вкус кој изобилува со меки и интегрирани танини, а долготрајниот и постојан послевкус се карактеризира со сладок корен и чоколада.

Виното има капацитет за повеќегодишно одлежување во шише.

Ова вино совршено се комбинира со специјалиети од месо, особено со дивеч со додаток на разни пикантни сосови, како и со разни видови на сирења.

Препорачана температура за консумирање: 15-18°C.

Алкохол: 15.7% Vol. Полнето: Август 2018